


Денес 04.10 2016 во Брисел на заедничките состаноци на работните групи TWP и COTER во рамки на Европскиот Совет на ЕУ, Агенцијата за Разузнавање го презентираше безбедносно-разузнавачкиот систем на Република Македонија и активностите кои се превземаат за справување со безбедносните закани по интересите на нашата земја и регионот.

Презентацијата беше одржана пред претставници на безбедносните служби и надворешно-политичките претставници на земјите членки на ЕУ како и пред претставниците на Европската Комисија.

Како главни закани по безбедносен интерес беа претставени илегалната миграција и тероризмот и активностите на АР и останатите институции во справувањето и превенирањето од овие закани. Исто така, беше потенцирана соработката на билатерален план со дел од земјите-членки на ЕУ и со соседите. На крајот на презентацијата беше побарана поддршка за понатамошна интеграција на Македонија во ЕУ како и асистенција во зајакнување на безбедносните капацитети. По презентацијата претставниците на земјите-членки поставуваа прашања поврзани за заканите кои беа презентирани и беше искажана благодарност за партиципацијата на Република Македонија кон европската и регионалната безбедност.